2. платена сметка за енергија за месецот што му претходи на месецот во кој се доставува барањето која гласи на име на ранливиот потрошувач, од којашто може да се утврди дека барателот е приклучен на мрежата за дистрибуција на електрична енергија, природен гас или топлинска енергија.

Член 8

Надлежни органи за спроведување на оваа програма се:

- Министерството за социјална политика, демографија и млади за мерките од член 3 од оваа програма согласно Законот за социјалната заштита;
- Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за мерките од член 4 од оваа програма и
- Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за мерките од членовите 6 и 7 од оваа програма согласно Правилата за снабдување со соодветниот тип на енергија.

Член 9

(1) За спроведување на оваа програма, дел од средствата во износ од 60.000.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 10101-Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 32–Развој на енергетиката, Ставка 464–Разни трансфери, наменети за финансиска поддршка на ранливи потрошувачи на енергија.

(2) Дел од планираните средства се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 15001 Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 50-Надоместоци за социјална заштита, Ставка 471-Социјални надоместоци во Програмата за остварување на социјална заштита за 2025 година, кои се планирани за остварување на социјални надоместоци-гарантирана минимална помош и парична помош за социјална сигурност за старите лица.

Член 10

Министерството до 31 јануари 2026 година, доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија со показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложение за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 11

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-1471/4 | Претседател на Владата |
| 11 февруари 2025 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**840.**

Врз основа на член 34 став (7) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), министерот за правда донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА И ДЕЦАТА ВО КАЗНЕНО – ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ, КАКО И НА ПРИТВОРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ПРИТВОРСКИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА НА КАЗНЕНО – ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ**

Со ова решение се врши распоредување на осудените лица и децата во казнено – поправните и воспитно - поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено – поправните установи упатени од страна на надлежниот суд.

I.

**1. Во казнено – поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес се упатуваат:**

**1.1. Казнено – поправен дом Идризово**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над три години од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија,Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово;

б) машки лица – пенолошки повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор над една година, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над една година од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово;

в) женски лица - осудени со правосилна пресуда на казна затвор и казна доживотен затвор, како и деца од женски пол осудени на казна затвор. Овие лица казната ја издржуваат во одделението за женски лица;

г) женски лица странски државјани и женски лица без државјанство;

д) машки лица осудени на казна доживотен затвор од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово и

ѓ) машки лица странски државјани и лица без државјанство осудени со правосилна пресуда на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над три години од Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово.

**1.2 Отворено одделение во Велес**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години од подрачјето на Основниот суд Велес и

б) машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година, односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на Основниот суд Велес.

**2. Во казнено поправен дом Штип:**

а) машки лица – примарни сторители , осудени со правосилна пресуда на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над три години од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип;

б) машки лица – пенолошки повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор над една година, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над една година од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип;

в) машки лица осудени на казна доживотен затвор од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип и

г) машки лица странски државјани и лица без државјанство осудени со правосилна пресуда на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над три години од основните судови: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип.

**3. Во Казнено – поправен дом Прилеп се упатуваат:**

а) машки лица – примарни сторители осудени со правосилна пресуда на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над три години од подрачјето на основните судови: Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга;

б) машки лица – пенолошки повторници осудени со правосилна пресуда на казна затвор над една година, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над една година од подрачјето на основните судови: Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга;

в) машки лица осудени на казна доживотен затвор од подрачјето на основните судови: Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга и

г) машки лица странски државјани и лица без државјанство осудени со правосилна пресуда на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над три години од основните судови: Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга.

**4. Во Казнено – поправен дом од Отворен вид Струга се упатуваат:**

а) машки лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела извршени од небрежност, за кои е определена казна затвор до три години од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и сите основни судови во Република Северна Македонија и

б) машки лица – повторници, осудени со правосилна пресуда казна затвор до една година спрема осудени лица за кривични дела извршени од небрежност кои се извршени во повраТ од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и сите основни судови во Република Северна Македонија.

**5. Во Затвор Битола се упатуваат:**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години за подрачјето на основните судови: Битола, Кичево, Крушево, Прилеп, Ресен, Охрид и Струга.

б) машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година, односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на основните судови: Битола, Кичево, Крушево, Прилеп, Ресен, Охрид и Струга.

в) машки и женски лица спрема кои е определена мерка притвор од подрачјето на основните судови: Битола, Кичево, Крушево, Прилеп и Ресен.

**6. Во Затвор Гевгелија се упатуваат:**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години за подрачјато на основните судови: Гевгелија, Кавадарци и Неготино;

б) машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година, односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на основните судови: Гевгелија, Кавадарци и Неготино и

в) машки и женски лица спрема кои е определен притвор од подрачјето на основните судови: Гевгелија, Кавадарци и Неготино.

**7. Во Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка се упатуваат:**

**7.1 Затвор Куманово**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години, од подрачјето на основните судови: Куманово и Свети Николе;

б) машки лица – повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на основните судови: Кратово, Куманово и Свети Николе;

в) машки лица - странски државјани и лица без државјанство осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години и

г) машки и женски лица спрема кои е определена мерка притвор од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип.

**7.2 Отворено одделение во Крива Паланка**

а) Машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години од подрачјето на основните судови Кратово и Крива Паланка и

б) машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година, односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на основниот суд Крива Паланка.

**8. Во Затвор Охрид се упатуваат:**

а) деца од машки пол осудени со правосилна пресуда на казна затвор за деца и

б) машки и женски лица спрема кои е определена мерка притвор од подрачјето на основните судови: Охрид, Струга и Дебар.

**9. Во Затвор Струмица се упатуваат:**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години, од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Струмица и Штип и

б) машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година, односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Струмица и Штип.

**10. Во Затвор Скопје се упатуваат:**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната, по пресметаниот притвор изнесува до три години, од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје;

б)машки лица – повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и

в) машки и женски лица спрема кои е определена мерка притвор од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Тетово и Гостивар.

**11. Во Затвор Тетово се упатуваат:**

а) машки лица – примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години за подрачјато на основните судови: Тетово, Гостивар и Дебар;

б) машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година, односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до една година од подрачјето на основните судови: Тетово, Гостивар и Дебар.

12. Во услови кога одделението за притвор е со исполнет капацитет или постојат други оправдани причини, надлежниот суд кој ја определува мерката притвор во согласност со Министерството за правда - Управата за извршување на санкциите ги упатува лицата мерката притвор да ја извршуваат во друго притворско одделение.

II.

Во воспитно – поправен дом Тетово се упатуваат:

а) деца од машки пол на кои со правосилна одлука им е изречена воспитна мерка упатување во воспитно – поправен дом за територијата на Република Северна Македонија и

б) деца од женски пол на кои со правосилна одлука им е изречена воспитна мерка упатување во воспитно – поправен дом за територијата на Република Северна Македонија. Овие лица мерката ја издржуваат во одделението за женски лица.

III.

Мерките на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани се извршуваат во следниве јавни здравствени установи:

а) Во ЈЗУ Психијатриска болница - Скопје се упатуваат осудени лица од подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и подрачјето на основните судови: Велес, Гостивар, Дебар, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово и Тетово;

б) Во ЈЗУ Психијатриска болница - Демир Хисар се упатуваат осудени лица од подрачјето на основните судови: Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга и

в) Во ЈЗУ Психијатриска болница - Негорци се упатуваат осудени лица од подрачјето на основните судови: Берово, Виница, Гевгелија, Делчево, Кавадарци, Кочани, Неготино, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип.

IV.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. До создавање на услови и ставање во функција на одделението за женски лица во Воспитно - поправниот дом Тетово, децата од женски пол на кои им е изречена мерката упатување во воспитно - поправен дом се упатуваат во КПД Идризово со Отворено одделение во Велес.

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за распоредување на осудените лица и децата во казнено – поправните и воспитно – поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено – поправните установи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/20).

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 21-421/1
10 февруари 2025 година
Скопје

Министер за правда,
**Игор Филков**, с.р.

**841.**

Врз основа на член 19 став (2) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО, КЛАСИФИКАЦИЈАТА И РАЗМЕСТУВАЊЕТО НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено - поправните установи.